# Документарецот за "Златна бубамара" во кино "Центар"



*Владо Јаневски и Коста Костовски*

Во киното "Центар", радио Бубамара премиерно го проектираше документарецот "Пет години златна бубамара на популарноста". Досегашните најораторски расположени наградени со бубамара статуетки, во 40-минутниот филм зборуваат за манифестацијата, доделувањето на наградите, за радио Бубамара... Калиопи, Искра Џамбазова, Мишко Барзов, Велибор Џаровски-Џаро, Бобан Милошевски, Тони Михајловски, проф. Кирил Темков, сопственикот на радиото, Ранко Петровиќ... како и граѓаните кои по пат на улични анкети имаат удел во него. Колку за потсетување, тука се и најбитните моменти од сите досегашни одржани манифестации, а онаа петтата, која го слави мини-јубилејот, утре, во Универзалната сала, ќе биде најдобра досега, велат организаторите. По емитувањето, минифилмот се "избори" за коментар од типот: "Ова беше вистинска кинопроекција" и за долгите аплаузи на речиси сите негови "актери", присутни во киносалата. Беше најавено дека во истиот термин за лани изработената слика "Моќта на сцената", (која ја красат потписите и цртежите на сите минатогодишни наградени) ќе се одржи хуманитарна аукција, во која ќе се наддаваат неколку наши познати бизнисмени. За жал, бизнисмените не остаанаа на својот збор, од нив ни трага ни глас. Сликата ќе бида продадена дополнително, на некоја наредна аукција, и на неа ќе немаат право оние кои ветија дека ќе бидат потенцијални купувачи, а не се појавија. Освен тоа, "Камиказа лајт саунд" за прв пат го промовираше "ЛЦД" проекторот, а за документарецот да изгледа така како што изгледа се погрижи "Прва партизанска продукција".



*Калиопи и Окац*

***М.Џаровска***
***фото: О.Теофиловски***

# Англиски скијачки првак на велосипед, атракција во Маврово



**Рејмонд Пауер (25), сателитски инжинер по "титула", за некој месец и македонски зет, деновиве се забавуваше со својот ски-велосипед на падините на Бистра. Беше единствен скијач од тој вид и најголема туристичка атракција за останатите скијачи, кои загледувајќи се по него, губеа рамнотежа и паѓаа. Рејмонд е трикратен англиски скијачки првак на велосипед, и деветти на светско ниво, на првенството во Баварија 94/95 година. Лондончанец е, но во својата Англија не планира да се враќа. "Ова е прекрасна земја", вели тој, "тука е мојата љубов Ангелина, мојата фирма ´Емпајр дизјн´, и моето омилено Маврово..."**

**(М.Џ.)**



**САНТА КЛАРА, Калифорнија (АП)** - Карвер Мид, претседавач и основач на "Фовон инк" држи и покажува слика на Мак Бет во боја, пред галеријата на фотографии во седиштето на "Фовон" во Санта Клара, Калифорнија. "Фовон инк" се надева дека ќе ја протресе индустријата на дигитални камери со новиот вид сензорен чип за слики, за кој тврди дека двојно може да го подобри квалитетот на сликите за иста цена или дури за помалку. "Фовон" вчера објави дека нивните нови сензори X3 ги фаќаат вистинските бои како ништо друго досега.

## Вака се прават дупки

**СОЛТ ЛЕЈК СИТИ, (Ројтерс) - Еден работник сече дупки на гигантскиот постер на брзински скејтер, закачен пред хотелот во центарот на Солт Лејк Сити, како одговор на забелешките на гостите дека не можат да видат ништо од нивните прозорци. Олимписките игри во Солт Лејк Сити ќе траат до 24 февруари.**





## Енди Ворхол на женско тело

**ЊУЈОРК, (АП)** -Моделот прикажува фустан со напечатена слика на Ворхол, од свила со тигар дезен, од колекцијата есен 2002 на Дајан вон Фирстенберг, прикажан во Њујорк.

## Дајнерс наградна игра со пикадо во "Тинекс" и "Веро"



**Секој викенд, во супермаркетите "Тинекс" и "Веро", "Дајнерс клуб интернационал" организира наградна игра за сите свои корисници кои пазаруваат таму. Кога ќе завршите со пазарувањето и ќе застанете на каса да платите со својата дајнерс картичка, вработените од маркетот ќе ви понудат да ги испробате своите среќа и вештина со пикадо. Сите оние кои ќе го погодат знакот на "Дајнерс", целата корпа со продукти ја добиваат бесплатно. Но, и да не ја погодат, следува утешна наградa. Интересот уште отсега е голем, и пикадо наградната игра станува традиција: секој петок од 16 до 21 часот во "Тинекс", и секоја сабота од 12 до 15 часот во "Веро".**

## Имитација на Христос

**ЊУЈОРК, (АП)** - Моделот кој носи фустан од свилен сатен наречен "Девојка во профил", десно, ѝ нуди грозје на моделот што носи фустан од свилен шифон наречен "Љубовта го спасува животот". Креациите се од есенската линија на модната куќа "Имитација на Христос", прикажани на аукција во "Сотби" во Њујорк.



## Вест ...зграпчи го денот

